Бр.№ 01-4311
16.02. 20 26 год./viti

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
НУМ „СТРУШКИ ВЕЧЕРИ НА ПОЕЗИЈАТА"
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
INM „MBRËMJET STRUGANE TË POEZISË"

Ул. Браќа Миладиновци бр.5, 6330 Струга, Поштенски фах 111
Rr. Vëllezërit Miladinov nr.5, 6330 Strugë, PO box 111
Тел./Tel.+389 46 786 270, E-mail: struga@svp.org.mk
www.svp.org.mk

# ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА НУМ „СТРУШКИ ВЕЧЕРИ НА ПОЕЗИЈАТА" ВО ТЕКОТ НА 2025 ГОДИНА

## 1. ПРЕГЛЕД НА РЕАЛИЗИРАНИТЕ ПРОГРАМСКИ И ДРУГИ АКТИВНОСТИ ВО ПЕРИОДОТ 01.01.2025 – 31.12.2025

Советот за доделување на наградата Златен венец за 2025 година е формиран на почетокот на годината и одржа три он-лине состаноци. На нив беа разгледани повеќе постојани кандидатури на познати поети а на УО му достави предлог кој беше прифатен и донесена одлука Иван Штрпка од Словачка да биде добитник на наградата Златен венец за 2025 година.

По завршување на конкурсот за наградата Мостови на Струга 2025 кој се објавува заедно со UNESCO , Управниот одбор одлучи добитник на наградата да биде Матеуш Шимчик од Полска.

Објавен и реализиран е и огласот за доделување на наградата Млада Струга во соработка со Europe House. Претставувањето на добитникот ќе се одржи на 07.07.2025 год. во просториите на Europe House во Струга.

Заврши и конкурсот за наградата Браќа Миладиновци 2025 година. Пристигнати се 37 книги кои им се доставени на членовите на комисијата на разгледување.

Поканети беа над 30 странски поети од повеќе држави. Најголемиот број од нив го потврдија своето присуство и пуштија материјали со кои ќе настапат на фестивалските настани. Следеше селекцијата на македонски поети кои учествуваа на манифестацијата.

Издавачката дејност на СВП е најзначајната активност што се спроведува со посебно внимание. Сите книги од изданието 2025 год. беа преведени, лекторирани или во фаза на уредување - Монографијата на лауреатот Иван Штрпка, книгата „Потребни извори" на Матеуш Шимчик- добитник на наградата Мостови на Струга, книгата „Небото ми е дома" од Катица Ќулавкова-добитник на наградата Браќа Миладиновци за 2024 год., Избор песни од италијанската поетеса Антоанела Анеда - дел од едицијата Плејади. Лекторирани се и се уредуваат и книгата „Чергар" оа Андреј Анѓелковиќ-добитник на наградата Млада Струга 2025 и книгата „Бахус и Св. Трифун" – избор на песни за виното од македонски автори. Изданието на Кој е кој, каде се застапени сите поети-учесници на фестивалот беше во завршна фаза на подготовка-направен беше избор од преведените песни од сите странски поети, се чекаше да се надополни со избор на поезија од македонските учесници.

За поетите од платформата ВЕРСОПОЛИС се уредија буклети кои беа испечатени согласно правилата на проектот.

**СВЕЧЕНО ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЛАУРЕАТОТ ЗА 2025 ГОДИНА ВО МАКЕДОНСКАТА АКАДЕМИЈА НА НАУКИТЕ И УМЕТНОСТИТЕ. ПОЕТСКО ЧИТАЊЕ ОД ИСТАКНАТИ ПОЕТИ-ЧЛЕНОВИ НА МАКЕДОНСКИОТ П.Е.Н ЦЕНТАР И ДРУШТВОТО НА ПИСАТЕЛИТЕ НА МАКЕДОНИЈА ПО ПОВОД СВЕТСКИОТ ДЕН НА ПОЕЗИЈАТА**

По повод 21 март, Светскот ден на поезијата, во Македонската академија на науките и уметностите беше закажан настан на свечено прогласување на лауреатите н СВП, добитникот на Златниот венец и добитникот на меѓународната награда под покровителство на УНЕСКО, „Мостови на Струга. Но поради трагичниот настан што се случи во Кочани, настанот во МАНУ се одржа на 27 март.

Претседателката на УО на СВП, Елизабет Барануаи Кукунешоска на прес конференција ги прогласи добитниците на наградите. Добитник на „Златен венец" за 2025 година, главната награда на „Струшките вечери на поезијата", е истакнатиот словачки поети Иван Штрпка, а добитник на наградата „Мостови на Струга" за најдобра меѓународна дебитантска поетска книга е полскиот поет Матеуш Шимчик.

На иницијатива на СВП, почнувајќи од 2022 година, во продолжение на овој настан се надоврза Поетското читање по повод Светскиот ден на поезијата годинава, коешто секоја година се организира како заедничко чествување од страна на Македонскиот П.Е.Н. центар

и Друштвото на писателите на Македонија. Поетскотото послание за 2025 година го прочита истакнатата македонска писателка Калина Малеска по што следуваше настапот на истакнати македонски поети од различни генерации.

**ПОЕТСКИ ЧИТАЊА ВО СПОМЕН ДОМОТ НА БРАЌАТА МИЛАДИНОВЦИ ВО СТРУГА**

- По повод Денот на македонскиот јазик на 05.05.2025 год. во Спомен-домот на Браќата Миладиновци во Струга со поетско читање се претставија учениците од Основното училиште Јосип Броз Тито од Струга. Покрај читањето поезија, наставничката по македонски јазик одржа предавање на кое го објасни значењето на кодификацијата на македонскиот јазик. На присутните им беа поделени книги од изданието ВЕРСОПОЛИС на СВП.
- На 21 јуни ,денот на летото и на Охридското езеро ,во соработка со македонскиот ПЕН центар се одржа поетско читање во просториите на НУМ СВП на кое се претставија поетите-учесници на Регионалната конференција на ПЕН-центрите што се одржуваше во Охрид. Покрај нив поезија читаа и поети од Струга и Охрид.

**МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА-УЧЕСТВО ВО ПРОЕКТОТ ВЕРСОПОЛИС**

Од 2014 година НУМ СВП учествува во платформата ВЕРСОПОЛИС финансирана од програмата Креативна Европа на Европската комисија.Досега се реализирани три циклуси а годинава започнува четвртиот циклус во траење од четири години 2025-2029. Согласно програмата ВЕРСОПОЛИС поети кои ќе учествуваат на СВП 2025 година се Довил Багданаите од Литванија и Ксавиет Мас Кравиото од Шпанија. Исто така НУМ СВП предложи поети од Македонија кои можат да бидат поканети од фестивалите-членки на ВЕРСОПОЛИС и на тој начин да се промовираат себе си но и целата македонска поезија пред европската публика.

**ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗИРАНИТЕ НАБАВКИ ВО ПЕРИОДОТ 01.01.2025 – 31.12.2025**

Во овој дел од извештајот посебно ќе го издвоиме делот на спроведувањето на јавните набавки, како значаен сегмент во работењето. Во согласност со Законот за јавни набавки донесен е Годишен план за јавни набавки за 2025 година на НУМ „Струшки вечери на поезијата" Струга бр. 01-26/1 од 21.01.2025 година и измена на годишниот план за јавни набавки 01-26/2 од 04.04.2025 година.

Согласно донесениот годишен план за јавни набавки во периодот од 01.07.2025 до 31.12.2025 година се завршени започнатите постапки и се спороведени останатите кои се потребни за реализација на манифестацијата и тоа:

- Услуги за резервација и набавка на авио билети за потребите на НУМ „Струшки вечери на поезијата" за период од една година. Ова постапка е спроведена постапка од мала вредност и добиени се понуди од 2 економски оператори. За реализација на набавката склучен е договор со економскиот оператот Друштво за туризам угостителство и трговија АВИОТУРС ТРАВЕЛ СЕРВИС ДООЕЛ увоз-извоз Скопје. Вредноста на која е склучен договорот во бруто износ од 600.000,00 (шестотини илјади) денари со сите даноци и давачки (вклучувајќи го и процентот на туристичката агенција).

- Набавка за обезбедување на хотелско-угостителски услуги за потребите на „Струшки вечери на поезијата" и проектот Версополис. Ова постапка е спроведена со барање за прибирање на понуди преку објавување на огласот во опцијата други огласи и добиена е по една понуда за трите дела. За реализација на набавката склучен е договор со економскиот оператот ДТУ „Лајв ис гуд травел и турс" ДООЕЛ Струга. Вредноста на која е склучен договорот е 1.800.000,00 денари без ДДВ. За реализација на вториот дел од набавката склучен е договор со економскиот оператот Македонија турист АД Подружница хотел Карпош Скопје. Вредноста на која е склучен договорот е 300.000,00 денари без ДДВ. И за реализација на третиот дел склучен е договор со економскиот оператот ДТУ „Лајв ис гуд травел и турс" ДООЕЛ Струга. Вредноста на која е склучен договорот е 400.000,00 денари без ДДВ.

- Изнајмување на опрема за осветлување, озвучување, конференцика опрема со симултан превод и лед скрин за портебите на НУМ СВП и проектот Версополис. Ова постапка е спроведена со набавка од мала вредност која завршува со склучување на рамковна спогодба со еден економски оператор и добиена е понуда од 1 економски оператори. За реализација на набавката склучена рамковна спогодба со економскиот оператот Друштво за производство, трговија и услуги ИНФОМЕДИА СИСТЕМИ Филип ДООЕЛ увоз извоз Скопје. Вредноста на која е склучена е рамковна спогодба на износ од 708.000,00 денари.

- Обезбедување на услуги за печатење на изданијата на СВП (книги, брошури, каталози и др. и проектот Версополис. Оваа набавка е спроведена со поедноставена отворена постапка и истата е деллива на три дела, првиот дел го содржи печатањето на Печатење на книга со тврд повез, вториот дел Печатење на книги со мек повез и третиот дел печатење на Изданија во рамките на платформата Версополис. По однос на оваа постапка добиени се понуди од 4 (четири) економски оператори. За реализација на првиот дел од набавката склучен е договор со економскиот оператор Друштво за графичко производство и услуги БРАНКО ГАПО ДООЕЛ Скопје. Вредноста на која е склучен договорот е 225.720,00 денари без ДДВ. За реализација на вториот дел од набавката склучен е договор со економскиот оператот Друштво за графичко издавачка дејност ДАТАПОНС ДООЕЛ Скопје. Вредноста на која е склучен договорот е 325.900,00 денари. За реализација на третиот дел од набавката склучен е договор со економскиот оператот Друштво за графичко издавачка дејност ДАТАПОНС ДООЕЛ Скопје. Вредноста на која е склучен договорот е 36.550,00 денари.

## 3. ОПШТ ОПИС НА ПРОГРАМАТА НА СВП 2025

Во период од 21.08.2025 – 25.08.2025 се одржа 64 издание на „Струшки вечери на поезијата". Манифестацијата, преку препознатливите програмски содржини, уште еднаш покажа сериозен пристап кон селекција на квалитетни поетски имиња и доделување на традиционалните награди на автори кои со својата досегашна работа успеале да се наметнат како уметници чие дело оставило виден белег во нивните културни средини. На

годинешново издание учество зедоа 23 поети од странство, над 30 домашни поети и 6 професионални посетители.

Изданието како мото ја имаше глаголицата, така што целокупната видео и графичка страна беше во знакот на ликовните решенија, кои Лазе Трипков ги пренесе и врз плакатот и врз неговите слики кои како изложба беа дел од официјалната програма. Настани кои го одбележаа ова издание се: поетскиот портрет на словачкиот поет Иван Штрпка, портрет на добитникот на наградата „Мостови на Струга" – Матеуш Шимчик од Полска, за книгата „Потребни извори" и портретот на Јулијана Величковска, добитничка на наградата „Браќа Миладиновци" за книгата „Рајсфершлус". Повеќе од една деценија, составен дел на манифестацијата е поетската платформа „ВЕРСОПОЛИС" – проект поддржан од Европската Комисија. Дел од него беа младите поети од Шпанија – Чавие Мас Кравиото и од Литванија – Довиле Багдонајте.

Навраќањето кон заедничките словенски корени и кон првиот заеднички писмен јазик – старословенскиот и неговото глаголско писмо, беше обид да се долови цврстата и долговековна врска меѓу Македонија и Словачка. Штрпка како впечатлив поетски див лесно ја прегрнува и обединува таквата идеја, давајќи и посебна магија на поетката реч истркалана од вротокот на словачкиот јазик.

Издавачката дејност на НУМ „Струшки вечери на поезијата" за 2025 година се состои од:

1. „Одбрани песни" на Иван Штрпка – луксузно издание;
2. „Потребни извори" на Матеуш Шимчик;
3. „At home in the sky" (spiritual poetry) – превод на англиски јазик на минатогодишниот добитник на наградата „Браќа Миладиновци" – Катица Ќулавкова;
4. „Кој е кој " – поезија од пет континенти;
5. „Чергар" на Андреј Анѓеловиќ - добитник на наградата „Млада Струга" 2025;
6. „Резиденции во времето" на Антонела Анеда (во едицијата Плејади);
7. „Дионис и Свети Трифун" (панорама на македонската винска поезија) приредена од Славе Ѓорѓо Димоски;
8. Чавие Мас Кравиото – Поетска платформа Версополис;
9. Довиле Багдонајте – Поетска платформа Версополис.

Во поглед на локациите поврзани со поетската манифестација успеавме да ги задржиме традиционалните места и да вратиме настан кој после КОВИД пандемијата беше

избришан од програмските содржини. Церемонијата на свеченото отворање и поетскиот настан „Меридијани" се одржаа во Центарот за култура „Браќа Миладиновци". На истата сцена се одржаа и настаните кои требаше да се одржат на летната сцена, но заради неповолните метеоролошки услови беа поместени на сцената внатре. Се врати читањето во манастирскиот комплекс Свети Наум и целодневната екскурзија со брод на релација Струга – Свети Наум – Струга. За заокружување на темата поврзана со глаголицата и Охридската книжевна школа, „Поетското матине" се одржа во предворјето на црквата Света Богородица Перивлепта" во Охрид.

Континуитетот во поглед на наградите, издавачката дејност и поетските настани докажуваат зошто „Струшки вечери на поезијата" 64 години, во низа, се олицетворение на престижна манифестација која умее да ја препознае натпросечната естетика и таа убавина да ја подели со светот.

**НАГРАДИ**

**Наградата „Златен венец" на Срушки вечери на поезијата**, за 2025 година му беше доделена на словачкиот поет Иван Штрпка. Покрај паричната награда, лауреатот доби филигрански венец и луксузно (тријазично) издание на неговите „Одбрани песни". Наградата на лауреатот му беше доделена на завршната церемонија „Мостови" – настан следен од неколку илјадна публика и во живо на националната МРТВ.

**„Мостови на Струга"** - Наградата која традиционално од 2003 година СВП и УНЕСКО ја доделуваат за најдобра дебитантска поетска книга од млад автор оваа година му беше доделена на Матеуш Шимчик од Полска за книгата „Потребни извори". Покрај паричната награда му беше доделена бронзената плакета во рамки на церемонијата „Мостови".

**„Браќа Миладиновци"** - Жирито назначено од СВП од пристигнатите, преку четириесет, поетски книги објавени на македонски јазик меѓу две изданија на фестивалот одлучи највисоката награда за поезија во нашата земја „Браќа Миладиновци" да ѝ биде доделена на Јулијана Величковска за поетската книга „Рајсфершлус". На добитничката ѝ беше исплатен паричен износ од наградата, книгата во превод на англиски ќе ѝ биде објавена следната година, а Плакетата за наградата ѝ беше врачена на завршната церемонија „Мостови".

**„Млада Струга" –** награда која „Струшки вечери на поезијата" во соработка со Europe House (Јуроп хаус), ја доделуваат на млад автор. За своето поетско првенче насловено како „Чергар", Андреј Анѓеловиќ беше награден со парична награда, печатење на книгата и

свечена плакета. Наградата му беше доделена за време поетскиот настан „Ноќ без интерпункција“.

**Наградата „Енхалон“** за најдобра песна од млад автор прочитана на фестивалот, востановена во 2012 година, оваа година ја доби младата македонска поетеса Гала Матеска, за песната „Студ“.

**ПОЕТИ УЧЕСНИЦИ НА „СТРУШКИ ВЕЧЕРИ НА ПОЕЗИЈАТА“ 2025**

**учесници од странство**

| ред. бр. | име и презиме | земја |
|---|---|---|
| 1. | Иван Штрпка | Словачка |
| 2. | Матеуш Шимчик | Полска |
| 3. | Димитар Христов | Бугарија |
| 4. | Кристин Димитрова | Бугарија |
| 5. | Хуанг Фан | Кина |
| 6. | Јуан Веи | Кина |
| 7. | Бранко Чегец | Хрватска |
| 8. | Ванда Микшиќ | Хрватска |
| 9. | Аделин Балдакино | Франција |
| 10. | Клодин Елфт | Франција |
| 11. | Ерве Пјер Ламбер | Франција |
| 12. | Антонис Д. Скијатас | Грција |
| 13. | Џери Марфи | Ирска |
| 14. | Наиме Беќирај | Косово |
| 15. | Довиле Багдонајте | Литванија |
| 16. | Радомир Уљаревиќ | Црна Гора |
| 17. | Кармен Булзан | Романиа |
| 18. | Пино Пограјц | Словениа |

| | | |
|---|---|---|
| 19. | Чавие Мас Кравиото | Шпанија |
| 20. | Гонџа Озмен | Турција |
| 21. | Мурсине Арда | Турција |
| 22. | Хасанал Абдула | САД |
| 23. | Мартин Солотрук | Словачка |
| 24. | Зое Шие | Кина |
| 25. | Јана Бенова | Словачка |

**домашни поети**

| ред. бр. | име и презиме |
|---|---|
| 1. | Стефан Костоски |
| 2. | Снежана Стојчевска |
| 3. | Славе Ѓорѓо Димоски |
| 4. | Катица Ќулавкова |
| 5. | Санде Стојчевски |
| 6. | Пепи Стамков |
| 7. | Николина Андонова Шопова |
| 8. | Милена Сиљаноска |
| 9. | Љубица Шопова |
| 10. | Калина Голубова |
| 11. | Јулијана Величковска |
| 12. | Иван Џепароски |
| 13. | Зоран Анчевски |
| 14. | Емануела К. Ковачевска |

| | |
|---|---|
| 15. | Гордана Михаилова Бошнакоска |
| 16. | Гала Матевска |
| 17. | Владимир Мартиновски |
| 18. | Влада Урошевиќ |
| 19. | Виолета Танчева Златева |
| 20. | Весна Ацевска |
| 21. | Веле Смилевски |
| 22. | Братислав Ташковски |
| 23. | Бранко Цветкоски |
| 24. | Бранислав Николов |
| 25. | Андреј Анѓеловиќ |
| 26. | Андреј Ал-Асади |
| 27. | Ирена Бабамова Стојчева |
| 28. | Звонко Танески |

## ДЕТАЛЕН ПРЕГЛЕД НА ПРОГРАМАТА НА „СТРУШКИ ВЕЧЕРИ НА ПОЕЗИЈАТА" 2025

**ЧЕТВРТОК**

Август 21, 2025

**09:30 – 10:00 Положување свежо цвеќе на споменикот на Браќата Миладиновци, посета на Спомен домот на Браќата Миладиновци и седиштето на СВП и кратка прошетка низ централното градско јадро.**

Словачкиот поет Иван Штрпка, во придружба на в.д. директорот – Никола Кукунеш, положија свежо цвеќе на споменикот на Браќата Миладиновци. Во таа прилика Штрпка имаше можност да го посети Спомен домот на Браќата Миладиновци и седиштето на СВП и

да се запознае со животот и делото на струшките преродбеници и со белезите на старата струшка архитектура.

10:00 **Садење дрво и поетско читање во чест на добитникот на „Златен венец“ на СВП за 2025 година**

Во Паркот на поезијата, добитникот на „Златен венец“ за 2025, традиционално засади стебло покрај кое беше поставена плочка со неговото име. Потоа, на сцената поставена во „Паркот на поезијата“, следеше поетско читање.

13:30 **Прес-конференција со добитникот на „Златен венец“ на СВП за 2025 година** Пијано бар -Хотел „Дрим“

Прес-конференцијата со добитникот на „Златен венец“ на СВП за 2025 година беше проследена со голем интерес и кај медиумите и кај поетите. После воведните зборови на в.д. директорот Никола Кукунеш и уметничкиот директор – Мите Стефоски, со свои видувања се претстави Мартин Солотрук – поет, преведувач и сестран литературен работник, и преведувачот на Штрпка на македонски јазик – Звонко Танески. Присутните имаа можност да му поставуваат прашања на лауреатот, а тој ги удостои со опширни и податливи одговори.

17:30 **Изложба – ГЛАГОЛИЦА – Лазе Трипков** Пијано бар – Хотел „Дрим“

Графичкото решение за 64-то издание на „Струшки вечери на поезијата“ беше во знакот на глаголицата, тема која подолг период го преокупира Лазе Трипков, на која веќе одговорил со комплетна изложба, така што совршено се вклопи во симболиката на манифестацијата. Низ ликовна перспектива, авторот дал свои толкувања за настанокот на одредени графички решенија во глаголицата – карактеристична по својата оригиналност.

20:30 **Официјално отворање на Струшките вечери на поезијата 2025 година** Центар за култура „Браќа Миладиновци“

Отворањето на годинешното издание беше во Центарот за култура "Браќа Миладиновци", каде свое обраќање имаа в.д. директорот Никола Кукунеш, министерот за култура и туризам – Зоран Љутков, а манифестацијата за отворена ја прогласи Претседателката на Република Македонија – Гордана Силјановска Давкова. Со свој

перформанс настапија членките на танчерската група „БАХ“, кои на музичката тема „Премин“ – авторско дело на Дамјан Томаноски, го изведоа традиционалното палење на фестивалскиот оган. Музичкиот дел од настанот го надополни Професионалниот хор „Про Арс“, под диригентската палка на Татарчевски. Изведени беа „Господи помилуј“ во староцрковен стил, „Кондак“ од Трајко Прокопиев и „Славимо , славно, Славени“ од Франц Лист.

21:00 **„Поетски меридијани“ – Меѓународно поетско читање** Центар за култура „Браќа Миладиновци“

По завршувањето на церемонијата на отворањето, на сцената на Центарот за култура „Браќа Миладиновци“, во продолжение се одржа и поетското читање „Меридијани“. Свои песни читаа: Иван Штрпка, Катица Ќулавкова, Матеуш Шимчик, Хуанг Фан, Гонџа Озмен, Чавие Мас Кравиото, Весна Ацевска, Ерве Пјер Ламбер, Ванда Микшиќ, Јуан Веи, Абдула Хасанал, Џери Марфи, Довиле Багдонајте, Пино Пограјц, Кристин Димитрова и Радомир Уљаревиќ.

22:30 **Свечен прием на учесниците на СВП 2025 година** Летна тераса на Хотел „Дрим“

По завршувањето на свеченото отворање, поетите и учесниците на двата претходни настани имаа можност да се запознаат подобро меѓу себе, да се послужат со традиционална храна и да дегустираат врвни вина од нашиот спонзор „Тиквеш“.

**ПЕТОК**

Август 22, 2025

09:30 **Поетско читање на поетите од потесниот избор за наградата „Браќа Миладиновци“ за 2025 година** Пијано бар - Хотел Дрим

Во потесниот избор за наградата „Браќа Миладиновци“ се најдоа БранкоЦветкоски, Јулијана Величковска, Гордана Михаилова Бошнакоска, Виолета Танчева Златева и Андреј Ал-Асади. Сите прочитаа по три песни, претставувајќи се со најдобрите песни по свое видување.

10:00 **Поетско кафе со добитникот на „Златен Венец“ на СВП за 2025 година, Иван Штрпка**

Модератори: Мартин Солотрук и Јана Бенова Пијано сала – Хотел Дрим

11:30 **Портрет на Катица Ќулавкова, добитникот на наградата „Браќа Миладиновци" за 2024 година и промоција на преведеното издание во едицијата „Плејади"**

Пијано бар - Хотел Дрим

12:30 **Портрет на добитникот на „Мостови на Струга" за 2025 година, Матеуш Шимчик (Полска)**

Модератори: Николина Андова Шопова и Звонко Димоски Пијано бар - Хотел Дрим

17:30 **Поетско кафе „ВЕРСОПОЛИС" – Средба со издавачите и професионалните посетители**

Пијано бар - Хотел Дрим

18:00 **Претставување на книгите објавени во едицијата Плејади – Антоанета Анеда (Италија)**

Промотори: Анастасија Ѓурчинова и Ирина Талевска

**18:30 Претставување на тематската антологија „Дионис и Свети Трифун" на современата македонска поезија посветена на виното и боемската поезија**

Отворена тераса – Хотел Дрим

Промотор: Славе Ѓорѓо Димоски – приредувач

Приредувачот на антологијата „Дионис и Свети Трифун" и промотор на истата во своето кратко обраќање пред поетите, чии песни беа поместени во изборот на песни за виното, зборуваше за предизвикот да се состави оваа антологија, бидејќи како поетско милје изобилуваме со авторски дела кои реферираат на виното, винопиењето и благодетите или последиците кои доаѓаат потоа. Сè се тоа мотиви кои своето потекло го влечат од далечната антика и преку народната усна литература се преплетуваат со модерните токови. Дел од присутните поетите прочитаа свои песни.

20:00 **Вечер на ВЕРСОПОЛИС**

Сцена, Центар за култура

Сите читања предвидени на летната сцена во Центарот за култура беа поместени на сцената (во затворениот дел) заради непредвидливите метеоролошки услови. Концептот на настаните остана ист – според планираното, а посетеноста беше на задоволително ниво.

21:00 **Поетски портрети**

Сцена, Центар за култура

22:00 **„Кругови" – Меѓународно поетско читање**

Сцена, Центар за култура

23:30 **Портрет на добитникот на „Млада Струга" за 2025 година**

Сцена, Центар за култура

На младиот поет Андреј Анѓеловиќ му беше доделена плакета за најдобра дебитантска книга од млад автор, награда која СВП ја доделува во соработка со Јуроп Хаус. По церемонијалниот дел на врачувањето на плакетата и обраќањето, авторот прочита избор од неговата поезија,

00:00 **Ноќ без интерпункција: музичко-поетски перформанс**

Сцена на Центар за култура

**САБОТА**

Август 23, 2025

10:00 **„Матине", меѓународно поетско читање и посета на Охрид и знаменитостите на градот**

(Посета на Богородица Перивлепта, Свети Јован Канео, Галерија на икони, Гробот на Григор Прличев)

- Локација на читањето – дворот на црквата Света Богородица Перивлепта, Охрид

Уште еден настан со кој ја нагласивме врската меѓу глаголицата и Охридската книжевна школа преку изборот на локацијата, т.е. впечатливиот амбиент во кој поетите, во исто време, уживаа и читаа дел од своето творештво. По завршувањето на настанот за учесниците на поетското читање беше организирано разгледување на стариот дел од градот Охрид

11:30 **Современа македонска поезија – поетско читање.**

Пијано бар - Хотел Дрим

12:30 **Прес-конферецијa – прогласување на добитникот на наградата „Браќа Миладиновци“** на Јулијана Величковска за стихозбирката „Рајсфершлус“ **за 2025 година**

Пијано бар - Хотел Дрим

14:30 **Претставување на добитникот на наградата „Стојан Христов“ за 2025 година**

Пијано бар - Хотел Дрим

На овој настан беше доделена и наградата „Стојан Христов“ за најдобра поетска книга од поет-иселеник од Македонија, која Агенцијата за иселеништво ја доделува во соработка со СВП. Одлуката ја донесе жири-комисијата во состав: Никола Гелинчески, Иван Шопов и Митко Гогов.

Жири-комисијата едногласно одлучи наградата „Стојан Христов“ за најдобра поетска книга од автор во дијаспората, за 2025 година, да ѝ ја додели на Ратка Колева Дамњановиќ, македонска поетеса која живее и работи во САД, Флорида.

19:30 **Поетски портрет на поетот-лауреат на „Златен венец“ на СВП за 2025 година Иван Штрпка (Словачка)**

**Беседа: акад. Катица Ќулавкова**

**Музичка програма**

Црква „Св. Софија“, Охрид

Еден од најсвечените и највпечатливите моменти на секое издание на „Струшки вечери на поезијата“ е поетскиот портрет на лауреатот, во катедралната црква Света Софија во Охрид. На настанот присуствуваше Претседателката на Република Македонија – Гордана Силјановска Давкова, како и голем дел од културниот и политичкиот живот кај нас. Беседа за Иван Штрпка прочита акад. Катица Ќулавкова, а потоа поетот читаше избор од својата поезија.

21:00 **„Созвучја“ - Меѓународно поетско читање** Плоштад во Охрид – сцена кај споменикот на Св. Климент

Овој настан беше преместен на сцената на Центарот за култура „Браќа Миладиновци“, заради лошите метеоролошки услови.

23:45 **Ноќ без интерпункција: музичко-поетски перформанс**

Сцена, Центар за култура

**НЕДЕЛА**

Август 24, 2025

09:30 **Излет до манастирот Св. Наум со брод и посета на изворите на реката Црн Дрим**

Годинава, по неколкугодишен застој, во програмата на СВП повторно се врати излетот со брод до манастирскиот комплекс Свети Наум, читањето во дворот на црквата и прогласување најдобра песна посветена на виното.

12:30 **Поетско читање**

Предворје на манастирот Св. Наум

**Доделување на наградата за најдобра песна посветена на виното „In vino veritas“**

(на бродот)

20:30 **„Мостови“, меѓународно поетско читање и врачување на наградите „Златен венец“, „Браќа Миладиновци" и „Мостови на Струга"**

Мост на поезијата – Струга

Еден од трите главни настани на фестивалот, што стана синоним за фестивалот, заради симболиката на Мостот на поезијата. На овој настан традиционално се доделуваат наградите „Златен венец", „Браќа Миладиновци" и наградата на СВП и УНЕСКО „Мостови на Струга". Свечено се доделија наградите „Златен венец" „Браќа Миладиновци",и „Мостови на Струга". За овој настан се изработува сценографија по која овој настан е препознатлив По церемонијата на доделување на наградите, настапија поканетите странски и домашни поети.

22:30 **Завршен прием за учесниците на СВП 2025 година и прогласување на добитникот на наградата „Енхалон"** на младата поетеса Гала Матевска, за песната „Студ"

**ПОНЕДЕЛНИК**

Август 25, 2025

**„Поезија на пат" – Кавадарци**

Дел од поетите со своето присуство го заокружија последниот фестивалски ден – посета на Музејот на виното и визбите. Домаќинот, Винаријата „Тиквеш" – долгогодишен и докажан пријател на СВП и овој пат ширум ги отвори своите врати да ги пречека и гостољубиво да ги удостои поетите учесници на 64-то издание на „Струшки вечери на поезијата". Во опуштена атмосфера се дегустираа вина и се читаа стихови. Се читаа и лични творби објавени во авторски книги и песни поместени во винската компилација „Дионис и Свети Трифун". По ручекот поетите продолжија кон Скопје, каде најголем дел од нив имаа закажано повратен транспорт до своите домови.

## 3. ПРОГРАМА ЗА ИЗДАВАЧКА ДЕЈНОСТ НА СВП ВО 2025 ГОДИНА

**1. „Одбрани песни" на Иван Штрпка – луксузно издание.**

Изборот на песните е од авторот Иван Штрпка, предговорот е на Катица Ќулавкова; преводот од словачки на македонски е на Звонко Таневски, а од словачки на англиски на Џон Минахејн. Преводот е напореден словачки и македонски, со превод на англиски, 463 стр., 22 см

**2. „Потребни извори" на Матеуш Шимчик;**

Превод од полски јазик и кратка биографија за авторот на Звонко Димоски, со избрани песни во превод на англиски јазик, 116 стр., 17см.

**3. „At home in the sky" (spiritual poetry) – превод на англиски јазик на минатогодишниот добитник на наградата „Браќа Миладиновци" – Катица Ќулавкова;**

Превод од македонски јазик на англиски јазик на Софија Попова, 98 стр., 22 см

**4. „Кој е кој " – поезија од пет континенти;**

Песни на англиски јазик со напореден превод на македонски јазик, фотографии и кратки белешки за застапените автори, 271 стр., 22 см

**5. „Чергар" на Андреј Анѓеловиќ - добитник на наградата „Млада Струга" 2025;**

Поговор на Милчо Мисоски: *Современото номадство во потрага по вистинските зборови,* 65 стр., 22 см

**6. „Резиденции во времето" на Антонела Анеда (во едицијата Плејади);**

Превод од италијански на македонски јазик Анастасија Ѓурчинова/Ирина Талевска, поговор на Анастасија Ѓурчинова: *Крв среде солта: Времето, просторот и јазикот во поезијата на Антонела Анеда,* 101 стр., 22 см

**7. „Дионис и Свети Трифун" (панорама на македонската винска поезија) приредена од Славе Ѓорѓо Димоски;**

Приредил Славе Ѓорѓо Димоски, 262 стр., 22 см

**8. Чавие Мас Кравиото – Поетска платформа Версополис;**

Превод од каталонски на македонски јазик Никола Ѓелинчески, 66стр., 20 см

**9. Довиле Багдонајте – Поетска платформа Версополис.**

По завршувањето на обврските во врска со 64-то издание, почнавме да истражуваме поети кои би биле потенцијални учесници на следните Струшки вечери на поезијата, бидејќи 65-то издание е закажано во нов термин (од 24-29 јуни 2026).

**НУМ „Струшки вечери на поезијата"-Струга**

В.д.директор

Никола Кукунеш

**Забелешка: Во прилог се доставуваат и дополнителни материјали (печатени материјали, примероци на публикации, аудиозаписи, фото- и видеодокументација и сл.), кои ќе посведочат за реализацијата на проектот.**

| 12. Финансиски извештај за трошоците што се покриени со средствата одобрени од Министерството за култура и туризам (задолжително изразени во денари) | | | |
|---|---|---|---|
| Бр. | Опис на трошокот (патни/транспортни трошоци, дневни трошоци, трошоци за сместување, организациски трошоци, авторски надоместоци, печатење и друго; по потреба, дополнете ја табелата со нови редови) | Исплатени (трошоци реализирани со средствата од МКТ што се исплатени досега) | Неисплатени (обврски) |
| 1. | **Продукција и организација** | **3682292** | |
| | Техничка опрема | 707882 | |
| | Награди(статуетки, плакети) | 1064351 | |
| | Сместување на учесниците и на гостите | 1072208 | |
| | Печатење на изданието СВП 2024 | 552565 | |
| | Патни трошоци | 185286 | |
| | Коктел | 100000 | |
| | | | |
| 2. | **Административни трошоци** | **124956** | |
| | Канцелариски материјали | 27957 | |
| | Комуникациски трошоци | 96997 | |
| | | | |
| 3. | **Авторски и други надоместоци** | **2783525** | |
| | Лица/екипа ангажирена во реализација на манифестацијата | 2366657 | |
| | Жири комисии | 106385 | |
| | Водители или медијатори на разговори, работилници | 166571 | |
| | Учесници/гости во програмата на манифестацијата | 143912 | |
| | | | |
| 4. | **Други трошоци** | **901201** | |
| | | | |
| **Вкупно** | | **7491974** | |

| 13. Расходи за трошоците што се покриени со средствата обезбедени од други извори на финансирање (задолжително изразени во денари) | | |
|---|---|---|
| Бр. | Опис на трошокот (патни/транспортни трошоци, дневни трошоци, трошоци за сместување, организациски трошоци, авторски надоместоци, печатење и друго; по потреба, дополнете ја табелата со нови редови) | Износ (вкупни трошоци) |